**Предлагач**: Група пратеници

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**

**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ,**
**ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Скопје, декември 2015 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

16. 12. 2015

08 5914/1

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за градење, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ,

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за градење предвидено е пред издавање на одобрение за градење, инвеститорот да плати надоместок за уредување на градежно земјиште и склучува договор со општината, општината во градот Скопје и градот Скопје во кој се утврдуваат права и обврски по однос на изградбата на потребната инфраструктура како би се овозможило непречено функционирање на градбата.

Во одредени случаи на подрачјето на градот Скопје не се реализирани локални патишта или улици кои се во функција на објекти за потребите на државни органи, агенции и фондови основани од Република Македонија и правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија, за чија изградба е платен надоместок за уредување на градежно земјиште од страна на инвеститорот на градбата во чија функција треба да се изгради патот односно улицата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените дополнувања на Законот е да се овозможи изградба на локални патишта и улици на подрачјето на градот Скопје, кои се во функција на градба за потребите на државни органи, агенции и фондови основани од Република Македонија и правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија, за чија изградба е платен надоместок за уредување на градежно земјиште од страна на инвеститорот на градбата во чија функција треба да се изградат.

Предлог Законот се заснова на истите начела врз основа на кои е донесен и Законот за градење.

III .ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одредбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на законот не повлекува значителни материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Имајќи го предвид фактот дека се исполнети условите од член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме Предлог на законот за дополнување на Законот за градење да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15 и 217/15), по членот 58-е се додава нов член 58-ж кој гласи:

„Член 58-ж

(1) Градот Скопје е должен да изгради локален пат или улица на подрачјето на градот Скопје кој е во функција на градби за потребите на државни органи, агенции и фондови основани од Република Македонија и правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија, за чија изградба е платен надоместок за уредување на градежно земјиште од страна на инвеститорот на градбата во чија функција треба да се изгради патот односно улицата, доколку од страна на надлежната општина во градот Скопје не е издадено одобрение за градење за патот односно улицата и/или не е започнато со изградба на истите до изготвувањето на завршен извештај за извршен надзор од член 36 став (1) алинеја 9 на овој закон.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, постапката за издавање на одобрение за градење ја спроведува и одобрението за градење го издава органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

(3) При спроведување на постапката од ставот (2) на овој член инвеститорот не плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште а општината во градот Скопје должна е средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на патот односно улицата, кои се платени од инвеститорот на градбата во чија функција треба да се изгради патот односно улицата, да му ги пренесе на градот Скопје, во рок од пет дена од денот на прием на барање за пренесување на средствата од градот Скопје.

(4) Доколку градот Скопје не постапи согласно со ставот (1) на овој член, патот односно улицата може да го изгради инвеститорот на градбата во чија функција треба да се изгради патот односно улицата, а општината во градот Скопје и градот Скопје се должни средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на патот односно улицата кои се платени од инвеститорот на градбата во чија функција треба да се изгради патот односно улицата, да му ги врати на инвеститорот, во рок од пет дена од денот на прием на барање за враќање на средствата.“

Член 2

Во членот 163 по ставот (11) се додава нов став (12) кој гласи:

„(12) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице и на градоначаникот на општината во градот Скопје како и на службеното лице и на градоначаникот на на градот Скопје, доколку не постапат согласно член 58-ж став (3) и став (4) на овој закон.“

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлог Законот се уредува постапка за изградба на локален пат односно улица на подрачјето на градот Скопје кој е во функција на градби за потребите на државни органи, агенции и фондови основани од Република Македонија и правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија, за чија изградба е платен надоместок за уредување на градежно земјиште од страна на инвеститорот на градбата во чија функција треба да се изгради патот.

Во случаите кога од страна на надлежната општина во градот Скопје не е издадено одобрение за градење за патот и/или не е започнато со изградба на истиот до изготвувањето на завршен извештај за извршен надзор, се предвидува општинскиот пат да го изгради градот Скопје, а општината во градот Скопје е должна делот од средствата за изградба на патот кои се платени од инвеститорот да му ги пренесе на градот Скопје, а доколку и градот Скопје не започне со изградба на патот, се дава можност инвеститорот да го изгради патот а општината и градот Скопје се должни да му ги вратат средствата за изградба на патот кои се платени од негова страна.

Надлежен орган за издавање на одобрението за градење за изградба на патот се утврдува министерството за транспорт и врски.

Во членот 2 се пропишува глоба за службените лица на општината и градот Скопје во случаите кога нема да постапат согласно законските одредби за пренесување на паричните средства по поднесено барање од градот Скопје или инвеститорот.

Во членот 3 е уредено влегувањто во сила на законот.

II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и прават правна целина.

III .ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените дополнувања ќе придонесат за изградба на локални патишта и улици кои се во функција на градби за потребите на државни органи, агенции и фондови основани од Република Македонија и правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија за кои е издадено одобрение за градење.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 59 - е

(1)Надлежниот орган од членот 58 на овој закон е должен постапката за издавање на одобрение за градење да ја спроведе на електронски начин, преку информацискиот систем е-одобрение за градење.

(2)Начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на уредување на просторот.

(3)Одобрение за градење кое е издадено спротивно на став (1) од овој член е ништовно.

(4)Начинот на постапување на администраторот во информацискиот систем е-одобрение за градење, го пропишува, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредување на просторот.

**8. Прекршоци на одговорни и службени лица**

Член 163

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење, ако не издаде одобрение за градење во рокот определен во членот 59 став (13) на овој закон или издаде одобрение спротивно на овој закон.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење, ако не постапат согласно со членот 146 став (2) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на надлежен градежен инспектор ако не ги врши работите на инспекциски надзор определени со овој закон.

(4) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и на надлежениот градежен инспектор ако не постапат согласно со членот 142 од овој закон.

(5) Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска проттивредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во единицата на локална самоуправа, како и во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, ако во постапката за издавање на одобрение за градење постапат спротивно на членот 59 став (16) од овој закон и ако издадат одобрение за градење со форма и содржина која не во согласност со формата и содржината пропишана согласно со членот 62 став (5) од о вој закон.

(6) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска проттивредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на органот кој постапува по барањето за одобрение за градење доколку не постапат согласно со членот 59-ѓ од овој закон.

(7) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во единицата на локална самоуправа доколку не постапат согласно со членот 92-а став (3) од овој закон.

(8) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот

доколку не постапат согласно со членот 96 став (2) од овој закон односно на одговорното лице и службеното лице на единицата на локална самоуправа доколку не постапат согласно со членот 96 став (3) од овој закон.

(9) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење ако издаде одобрение за градење врз основа на изработен основен проект спротивно на членот 11 став (1) од овој закон.

(10) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во надлежниот орган од членот 58 на овој закон, доколку постапи спротивно на член 59-е став (1) на овој закон.

(11) Глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење, доколку барањата односно пријавите за предбележување и прибележување на градбата, за измените во текот на градбата како и за запишување на објектот во јавната книга за недвижности не ги доставува до Агенцијата за катастар за недвижности во електронска форма.